Бр.01-19/1

28.03.2012 година

Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ЕПИ ВО 2011 ГОДИНА

## ВОВЕД

Институтот за европска политика како специјализиран тинк тенк за европски прашања, се основа на 24 февруари 2011 година, како здружение на граѓани согласно Законот за здруженија и фондации. Регистриран е на 11 март 2011 година во Централниот регистер на Република Македонија.

Визијата на ЕПИ е развиен демократски дијалог, кој ги поттикнува креаторите на политики во креирање и спроведувањето на европските политики и кој овозможува висок степен на учество на граѓаните и вклученост на македонското општество во современите европски дебати.

Мисијата на ЕПИ е да придонесе во остварување на оваа визија преку поттикнување на предлози и идеи за стратегии и политики на европеизацијата, изнесување на квалитетни и независни истражувања кои би биле здрава основа за дијалог меѓу креаторите на политиката и информирање на јавноста за клучните европски прашања со цел формирање на заедничките европски политики и демократски промени во општеството.

Основачите на ЕПИ, со богато академско и практично искуство во областа на евроинтеграциите, не гледајќи натамошни можности да придонесат во процесот на демократизација и европеизација на македонските институции и општество, одлучија да го формираат ЕПИ и на тој начи да го вложат своето знаење и во создавање на простор за конструктивна дебати, нудење опции за кретаорите на политики, како и вклучување на јавноста.

Принципите на ЕПИ, како што е утврдено во програмата се: независност, објективност, крос-partyness, инклузивност, отвореност, аналитика, јасност, критика, квалитет, кредибилитет, интегритет, сигурност, сеопфатност.

Во насока на остварување на овие цели, од основањето на ЕПИ почетните активностите беа фокусирани на создавањето на основните претпоставки за функционирање на ЕПИ, постигнување визибилност на ЕПИ, особено меѓу креаторите на политики и донаторите, анимирање на донаторите и создавање услови за подолгорочни извори на финансирање, градење на концепција за развој, како и подготовка на предлог- проекти. При тоа, во текот на првата година од постоењето беа создадени сите претпоставки за функционирање. Беа реализирани бројни формални и неформални средби со претставници на државни институции, претставници на странски амбасади и донатори.  Беа изработени и доставени неколку предлог проекти, од кои два беа отпочнати кон крајот на оваа година. Беше

воспоставен форум Еуропеаум како поле за организација на редовни дебати за теми поврзани со евроинтегративните интереси на Република Македонија. Беа изработени првите публикации, а претставниците на ЕПИ зедоа учество на неколку домашни и меѓународни конференции.

Во текот на првата година од постоењето, ЕПИ работеше на своето етаблирање и претставување пред таргет групите – претставниците на органите на власта (Владата и Собранието), претставници на високо-образовните и научните организации, како и други невладини организации. Истовремено, ЕПИ ги зајакнуваше своите контакти и соработка со повеќе организации на регионално ниво.

ЕПИ усвои свое лого и мото.

## FORUM EUROPEUM

2011 година беше година на јубилеи за Република Македонија. Меѓутоа, ССА којашто пред десет години беше претставувана како голем напредок, голема награда за Република Македонија во евроингтеграцискиот процес не го доби потребниот интерес од институциите и јавноста. Токму затоа ЕПИ ја организираше својата прва конференција под наслов „Првата спогодба за стабилизација и асоцијација десет години потоа“, која се одржа на 8-ми април во ЕУ Инфо Центарот, а чија цел беше да се согледаат резултатите од асоцијацијата по една деценија и нејзините перспективи. Со цел да се обезбеди основа за дискусија и насоки за натамошна анализа беше подготвен документ “За потфатот и за пулсот“. Конференцијата, наменета да биде и форум за размена на мислења помеѓу инволвираните актери во процесот на европска интеграција, ја отворија Министерот за економија Фатмир Бесими и Амбасадорот на Унгарија Н.Е. Ференц Кекеши. На отворањето на конференцијата се обратија и Агнеза Руси, Директор на ЕУ Директоратот во МНР, Роберт Лидел, министер советник од Делегацијата на ЕУ и Малинка Ристеска-Јорданова, директор на ЕПИ.



На почетокот на конференцијата, беше отворена иницијалната дискусија за тоа до каде сме, колку сме сториле, колку треба понатаму да се стори и кои се предизвиците и ризиците од текот на европската интеграција во Република Македонија, погледнато од рамката на процесот и Спогодбата за стабилизација и асоцијација. На отворањето на конференцијата, министерот за економија Фатмир Бесими истакна дека Македонија имаше голема корист од потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација како од аспект на трговија така и на инвестиции. Институционализираната соработка преку телата на ССА е оценета како драгоцена - како инструмент за дијалог, но и како процес на учење за пристапот и начините за изнаоѓање решенија и постигнување консензус за усогласувањето и спроведувањето со политиките на ЕУ, екстернализирани

со Спогодбата. Повеќе дискутанти истакнаа дека наметнатиот проблем со името на Република Македонија негативно влијае на севкупната клима и интензитет на реформите насочени кон членство во ЕУ. Влијанието е изразено и на спроведувањето на ССА. Поради несогласувањето на Грција, блокирана е Втората фаза на асоцијацијата. Оттаму, неизвесни се и перспективите на асоцијацијата, како што е предвидена во Спогодбата.

Уводничари и панелисти на Конференцијата беа: проф. д-р Сашо Георгиевски, м-р Радмила Шекеринска (претседател на Националниот совет за роинтеграции), д-р Димитар Мирчев (советник на претседателот на Републиката), м-р Ивица Боцевски (поранешен вицепремиер за европски прашања), Сашо Клековски (ко-претседавач на Консултативниот комитет на Социјално-економскиот комитет РМ-ЕУ), порф. д-р Силвана Мојсовска, проф. д-р Ванчо Узунов и Љубица Нури (Стопанска комора на Македонија). На Конференцијата учествуваа над шеесет претставници на државни институции, дипломатските претставништва во Република Македонија, невладиниот и деловниот сектор, научници и експерти.

Конференцијата доби добар одглас во медиумите. Дневниот весник Нова Македонија, под насловот *"Со ваков развој ќе ни требаат 80 години за европски стандард"* пренесе дел од изјавите на учесниците на конференцијата. Подетален опис беше објавен од страна на информативната новинска агенција Курир, а кратко видео пропратено од резиме на коференицјата беше објавено на интернет телевизијата Македонија 24.

## ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

### *Документ за политика „Предлог: Десет ЕУ приоритети на новата влада"*

Институтот за европска политика, врз основа на своите анализи, искуства и согледувања за најургентните проблеми во процесот на интеграцијата и перспективите за членството, го подготви документот „Десет ЕУ приоритети на новата Влада". ЕПИ го објави документот непосредно пред парламентарните избори, со идеја дека без разлика која партија ќе победи на парламентарните избори на 5 јуни и каква коалициона влада ќе се формира, ЕУ агендата ќе биде извонредно актуелна во периодот непосредно по изборите, во време на формирањето и за функционирањето на новата влада. Приоритетите наведени во документот се предлог подложен на дискусија. Меѓутоа, тие не се „мени" од кое може да се избира, туку се меѓусено поврзани и претставуваат „пакет аранжман".

Документот идентификува 10 приоритети кои беа одделно разработени: 1.Консензус на политичките субјекти за приоритетите на интеграцијата во ЕУ; 2.Интегративниот потенцијал на Охридскиот рамковен договор на преден план; 3.Владеење на правото – еднаквост на секој субјект пред законот; 4.Силен парламент, одговорна Влада; 5.Професионална администрација за членство во ЕУ; 6.Вклученост и транспарентност во усогласувањето со политиките и нормите на ЕУ; 7.Национална развојна политика и социјална

политика компатибилна со политиките на ЕУ; 8.Користење на претпристапните фондови во поддршка на националната развојна и социјална политика; 9.Култура на дијалогот со ЕУ; и 10.Регионална соработка.

### *Документ за дискусија „За потфатот и за пулсот“*

Во пресрет на Конференцијата „Првата спогодба за стабилизација и асоцијација десет години потоа“, која ја организираше ЕПИ во април 2011 година, беше подготвен документот за дискусија „За потфатот и за пулсот“. Документот објаснува што всушност претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација, што е постигнато до сега, објаснува како и зошто Спогодбата претставува поттик и одредница и ги објаснува перспективите на асоцијаца. Целта на документот беше да обезбеди основа за дискусија на Конференцијата и насоки за натамошна анализа.

### *Коментар по објавувањето на Стратегијата за проширување на ЕК*

ЕПИ објави коментар непосредно по објавувањето на Стратегијата за проширување и извештаите за напредокот на државите од Западниот Балкан во процесот на пристапување во ЕУ од страна на Европската комисија на 12 октомври 2011 година и по првите реакции во Република Македонија по повод Извештајот за напредок. Документот посочува дека поради постоење на status quo во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, самиот процес на пристапување има се́ помало влијание врз внатрешните реформи во Република Македонија.

## ПРОЕКТИ

Во првата година од своето постоење ЕПИ работеше на сопствена презентација пред донаторите, развивајќи проекти за да ги оствари своите цели.

### Тинк Танк Фонд на фондацијата Отворено општетсво - институционален грант

Од 1 Ноември 2011 година ЕПИ стана корисник на институционален грант од Тинк тенк фоднот на Фондацијата отворено општетсво првично предвиден со времетраење од една година. Овој грант, во соработка со грантови на други донатори ќе го потмога Институтот во развивање на сеопфатни исражувања, мониторинг како и промовирање на интересите во македонскта стратегија за пристапување кон ЕУ. Ваквите предвидени активности на ЕПИ се во насока на зајакнување на демократксите институции, зголемување на транспарентноста и одговорноста на европската политика на македонската влада.

Целта на грантот е да овозможи основна и институционална поддршка на Институтот и неговите активности, да покрие дел од административните и

институционални трошоци за неговото функицонирање, како и ад хок анализи на релевантни прашања, резимеа за политики, и организација на соодветни конференции и експертски состаноци.

### Проект Поддршка за подобрување на спроведувањето на медијацијата во Македонија

Донатор: Амбасада на Кралството Холандија - Скопје

Период: декември 2011– декември 2012 година

Институтот за европска политика (ЕПИ) по бројните консултации со клучните актери за медијацијата во Република Македонија подготви и поднесе проект "Поддршка за подобрување на спроведувањето на медијацијата во Македонија".

На 07.12.2011 се потпиша договорот за проектот "Поддршка за подобрување на имплементацијата на медијацијата во Македонија" и истиот го финансира Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, а го имплементира Институтот за европска политика во Скопје во партнерство со Т.С.М. Асер Институтот од Хаг, Холандија.

Општата цел на проектот е да придонесе во подобрувањето на имплементацијата на медијацијата во граѓанските и трговските спорови во Република Македонија.

Се очекува со проектот да се создаде солидна и сеопфатна рамка за имплементација на медијацијата во Македонија, врз основа на објективна проценка на постоечките состојби. Конечниот ефект кој се очекува е создавање нормативна и институционална околина поволна за одржлив развој на медијацијата во Македонија, што ќе резултира со зголемен број предмети на медијацијата.

Проектните активности треба да завршат до крајот на 2012 година. Дотогаш се предвидува да се одржи тркалезна маса, како и бројни работилници, семинари, обуки, промотивни настани по различни градови, вклучувајќи и промотивни настани во судовите, стопанските комори, државната администрација и други активности.

## УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ

Во изминатиот период претставниците на ЕПИ зедоа активно учество на неколку домашни и меѓународни конференции. Во месец јуни, директорот на ЕПИ учествуваше на *Европската конференција на цивилното општество* која, *во организација на Унгарското претседателство со Европската Унија*, се одржа во Будимпешта од 5-7 јуни 2011 година. Подоцна истиот месец директорот на ЕПИ учествуваше на конференцијата на Студиорум „*Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалкната самоуправа во Република Македонија влијание на Охридскиот рамковен договор*". Во јуни месец, претседателот на Собранието на ЕПИ,

Симонида Кацарска, со свој труд учествуваше на *Конференцијата по повод десетгодишнината од Рамковниот договор*, додека во јули учествуваше на состанок на *European Fund for the Balkans* за формирање на група за дискусија за иднината на Балканот во ЕУ.

Во октомври, ЕПИ со Кристина Цуцловска, член на управниот одбор зеде учество на на *Форумот за иднина на демократијата на Советот на Европа* кој се одржа во Лимасол, Кипар.

Во декември, директорот на ЕПИ учествуваше на *Конференција на ИАИ во Рим за Западниот Балкан*, организирана од Институтот за меѓународна политика во Рим, на 12-13 декември „*Можностите и предизвиците за проширувањето на ЕУ кон Западен Балкан*“.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Медиуми

Од основањето ЕПИ е активно присутен во јавноста со неколку јавни гостувања, интервјуа и коментари на домашните телевизии и дневни весници (А1, Канал 5, 24 Вести, Нова Македонија) во врска со актуелни прашања од областа на евроинтеграциите како на пример: по повод посетата на Баросо и Филе, можна суспензија на визната либерализација, Извештајот за напредокот и слично.

### Веб страна

Од април 2011 година ЕПИ отвори веб страна, на македонски, албански и англиски јазик. Страната беше аурирана со новисти од работата на ЕПИ.

### Социјални мрежи

ЕПИ отвори и сопствена страна на фејсбук, како модус за комуникација на активностите и ставовите на Институтот преку социјалните мрежи.

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Покрај основачките акти, беше донесен Правилник за пристапницата, регистерот и членарината, како и План за архивски знаци.

При крајот на годината ЕПИ одржа работилница со сите членови за дефинирање на стратешките насоки за развој на ЕПИ.

ЕПИ ја заврши годината со двајца вработени – директор и програмски координатор.